# НИКОЛА НИКОЛОСКИ

Ј У Н И 2000



# NIKOLA NIKOLOSKI

J U N E 2000

ЗАВОД И МУЗЕЈ - ОХРИД

КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

Ова што го гледаме е само последица на прапочетокот од протоплазмичното патешествие кое се случило и завршило на некоја друга планета. Големата **последица** "слетала" на земјата уште во архигонските времиња и тој настан во оваа уметничка трансвибрација е доловен со едноличноста на хаосот, односно со хаосот во совршена хармонија.

Есенцијалното јадро во вкупноста на овие слики е составено од два агенса: избувлива плодност и последично размножување. Плодноста доминира со два еротски нуклеуси, или две џиновски ларви, или две ерогени форми од антропоморфен происход, или два генератори од длабокото минато кои ја зрачат длабоката иднина. Тие се Постојаноста на вкупниот животен организам, додека низ нив, во нив и околу нив се случува вриеж на Регенерација од разни прапотопски и митски животворни форми, планктонски роеви и вегетабилни суштества, до ѕвездени опашести јата, вообличени мисли од зооморфни и антропоморфни умови или вонземски ескадрили од мали суштества во земјината биосфера. Просторот и времето се измешани: небо - иднина, земја - сегашност, вода минато. Каде е уметничкиот впечаток во оваа фантазмагорична, навидум, едноличност? Сликите ги имаат сите бои на велеубавата природна појава - виножитото, кое сигурно постои, длабоко сме уверени, само на планетата Земја во големиот универзум. Таа поетична тајна на природата ...

Дваесет и четирите слики на овој автор, истовремено сите истоветни и во тоа истовреме, сите апсолутно различни, се поделени во шест циклуси, основно се насликани со сите шест бои на виножитото, секоја по четири пати. И додека мислите дака црвено-лилавите и жолтите примероци ви оставаат посилен колоритен конзументски впечаток, а зеленосините се побледи и поспокојни, колку повеќе им се приближувате на последните, толку повеќе расте нивната колоритна силина и воодушевеноста од постигната силна едноличност ќе го исполни со возбуда вашето конзументско его. Всушност, станува збор за еден вид концептуалистичка уметност која е "ноншалантна" и експериментира со неповратно непоправлива изведба. Дали е се споено во една свесно насочена симбиотичка целост, од концептот, преку сликарската подлога, слеаните рамки на димензиите, до напластените бои по строго замислен ред. Се е исто и истовремено се е различно. Дали е постигнато едно смирено лудило како своевиден контрапункт? Да, секако.



***Паско Кузман***

What we see here is only an outcome of the prebeginning, of the protoplasm journey that happened and finished at some other planet. The big **outcome** had "landed" at the Earth in the archigonic times and that event has been captured in this art transvibration by the uniformity of the chaos, by the chaos in its perfect harmony.

The essential nucleus of the totality of these pictures consists of two agents: an eruptive fertility and a consequent multiplication. The fertility dominates by two erotic nucleuses, or two giant larvae, or two erogenous shapes of anthropomorphic origin, or two generators from the deep past that emanate the deep future. They are the Perpetuity of the whole living organism, while at the same time there is a Regenaeration turmoil of varous ancient and mythic live-giving forms, from plankton clusters and vegetative creatures to star-tailed flocks, thoughts shaped by zoomorphic and anthropomorphic minds or extra-terrestrial escadrilles of small creatures in the Earth biosphere, taking place through, in and around them. Space and time are intermingled: the sky - future, the earth - present, the water - past. Where is the artistic impression in this phantasmagoric, seeming sameness? The pictures contain all the colors of a stunning natural event - the rainbow , which in this universe, as we believe, undoubtedly exists only on the planet Earth. That poetic secret of nature ...

The twenty-four pictures of this artist, all of them equally same and absolutely different in same time, are divided into six cycles, each being painted with the six colors of the rainbow, every color applied for four times. And while you are thinking that the reddish-violet and yellow samples leave a stronger consumptive coloristic impression, and the green-blue are more pale and calm, the closer you get to the later, the more intensive the strenth of their colorfulness becomes and the excitement with the mighty sameness achived will fill your consumptive egos. In fact, this is a matter of conceptually-built art, which is a "nonchalant" and experiments with an inevitably unchangeable realization.

Is all blended into a consiously-focused, symbiotic whole-from the concept, through the picture's base and the merged dimensional frames, to the colors pasted according to a stictly defined order? Everything is identical and different simultaneosly. Has a calm madness as an art counterpunct been achived? Certainly yes.

***Pasko Kuzman***

Темата на изложбата е опфатена во три точки и тоа:

1. Содржината на сликите е релјефна и во втор план.
Составена е од два архетипски облици со широко асоцијативно дејство.Тие се поставени во првиот стадиум на допир или разделба,момент на создавање или испуштање енергија, сите аспекти на Јин и Јанг.Со таква содржина сликата станува енергетско поле.

2. Палетата на боите е користена од спектарот на светлината. Постапката на сликањето е позната во сите сликарски епохи. Суштината е во тоа што боите не се мешаат на страна , туку директно се ставаат на подлогата во лазурни пластови една врз друга и така се добиваат саканите боени површини. Техниката бара сигурен потег, затоа што не трпи грешки и корекции.

3. Сликите се создадени од материјали и бои кои најчесто се употребуваат во градежната, дрвната и автомобилската индустрија. Со тоа е овозможена нова визуелност и тактилност, бидејќи материјалите кои се користени се постојани и отпорни на надворешни влијанија.

Изложбата е замислена како спој на прастара постапка за сликање, контакт со непознат исход на два ентитети и користење најсовремена технологија.

***Авторот***

The subject of this exhibition is integrated in three points:

1. The content of the pictures is relief one and it is settled in the background.
It consist of two archetypal shapes that have a broad associative impact. They have been placed in the first phase of the touch or separation, a moment of creation or energy emanating -all the aspects of Yin and Yang. With such a content, the picture becomes an energy field.

2. Color palette has been used following the specter of the light. The painting procedure is well-known in all art epochs. The essence is that the colors are not mixed aside, but directly applied on the base in lazure layers one upon another, and this is how the desired colored surfaces have been achived. The technique precise strokes as it does not tolerate any mistakes and corrections.

3. The pictures are made of materials and colours that are most often used in the construction, wood-processing and car industries. A new visuality and tangibility has been provided in this way, since the materials used are durable and resistant to outside effects.

The exhibition is concieved as a juncture of an ancient painting procedure, a contact with an unknown outcome of two entities and use of the most recent technology.

***Author***



ОАЗА НА МИРОТ OASIS OF PEACE



**СОЗДАВАЊЕ** **CREATION**



**ВИДИК** **VIEW**



**ФИТНЕС** **FITNESS**



**ПОЧЕТОКОТ** **THE BEGINNING**



**АВАНТУРА** **ADVENTURE**



**JAВАЧ** **RIDER**



**НЕ ЗНАМ** **I DON'T KNOW**



ТАБУ TABOO



**KPAJ MOPE** **BY THE SEA**



**СВЕТЛИНА** **LIGHT**



**200 ФУНТИ** **£200**



**БЕБЕ НА МЕСЕЦОТ** **BABY OF THE MONTH**



**НЕПОЗНАТА ЗЕМЈА** **UNKNOWN LAND**



**ПРИКВЕЧЕР** **AT TWILIGHT**



**HEBECTA** **BRIDE**



**КОМПЕНЗАЦИЈА** **COMPENSATION**



**НЕВИНОСТ** **INNOCENCE**



ТЕРАПИЈА THERAPY



ТЕТОВИРАЊЕ TATTOOING



**БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ NO LIMIT**



НАД ЕКВАТОРОТ ABOVE THE EQUATOR



БОЕЊЕ COLOURING



КУЌА НА МУДРОСТА HOUSE OF WISDOM

CIP-Каталогизација во публикација при Градска
библиотека "Григор Прличев", Охрид

75.021.33(083.3)
НИКОЛА Николоски/Никола Николоски;[ предговор
Паско Кузман и Никола Николоски].-Охрид:
Летра дизајн , 2000. - 30 стр.: [26] уметнички сли-
ки ;20 см
Предговорот напоредно на англиски јазик:стр. 2-4

ISBN 9989 - 9993 - 5 - X

**НИКОЛА НИКОЛОСКИ**
**NIKOLA NIKOLOSKI**



**Р**оден 1955 год. Дипломирал на Филозофскиот факултет - група Историја на уметноста со археологија во Скопје 1979 год.

Адреса: Кузман Капидан 54 А , 6000 Охрид
Република Македонија
тел.: (096) 34-044

**B**orn in 1955. Completed his studies on the Philosophic Faculty - group for Art History with archaeology in Skopje in 1979.

Address: Kuzman Kapidan 54 A , 6000 Ohrid
Republic of Macedonia
tel.: +389 96 34-044

ISBN 9989-9993-5-X

Печатено во Летра - Охрид

Printed by Letra Ohrid